## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „СОЦИОЛОГИЈА НА РЕЛИГИЈАТА” ОД Д-Р ДАНИЕЛА КОЦЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2102-313/20 од 64. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки, одржана на 5 ноември 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Владо Петровски, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- проф. д-р Снежана Мирасчиева, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (скрипта) со наслов „**СОЦИОЛОГИЈА НА РЕЛИГИЈАТА**” **од авторката д-р Даниела Коцева,** наменета за студентите на прв циклус студии на Факултет за образовни науки и на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебното помагало – скрипта „Социологија на религијата“ од д-р Даниела Коцева претставува една заокружена целина, конципирана и пишувана според наставните програми по предметите: Религиски системи, Верските заедници во Република Македонија, Историја на религии, Религиите во Македонија, кои ги изучуваат студентите од прв циклус студии како изборни предмети, на насоките: Одделенска настава, Предучилишно воспитување, Историја со археологија, Класично сликарство и Педагогија. Предметите се изборни и се изучуваат во VI и VII - семестар за студентите од предучилишно воспитување и одделенска настава, Религиски системи 1+1+1, I и II – семестар за студентите на Историја со археологија (наставна насока) и Историја, Верските заедници во Република Македонија 2+1+1, за студентите на Педагогија VII – семестар, Религиите во Македонија 2+2+1, студентите на Класично сликарство VII семестар, Историја на религии 2+1+1. Приложениот ракопис претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, со што целосно ќе се реализираат барањата на студиските програми.

**Податоци за обемот ракописот:** Скриптата содржи 120 страници. Трудот е пишуван во А4 формат, единичен проред и е употребен фонт Arial, со големина на буквите 12. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски аспект ќе им овозможи на студентите стекнување на знаења за потеклото и развојот на идеите и основните поими кои се во основата на социологијата на религијата, за да понуди слика за тоа во која насока темата оди денес – посебно на оние кои се занимаваат со изучувањето на двата феномена: општество и религија. Користењето на различните методи, техники и показатели овозможува да се направи увид во тоа како овие поими се развиваат, еволуираат и каква е нивната улога во современиот живот на човекот.

Сметаме дека материјалот обработен во скриптата се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината:** Содржински, трудот е конципиран во осум посебни глави, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма.

Во првата глава е обработена општата определба на религијата, тргнувајќи од разбирањето на религијата како општествен феномен, преку определба на поимот религија, утврдување на нејзиното потекло и фази на развој кои таа ги поминала па се до основните елементи за анализа на самата религија, утврдувајќи ги нејзините компоненти, димензии и функции кои таа ги остварува во општеството. Завршувајќи ја целината со она што религијата најмногу се поврзува денес, а тоа се моралните (религиски) вредности кои можат да се земат како столб во градењето на едно современо, толерантно општество.

Во втората глава отстапено е место на науката која ја изучува религијата од еден општествен аспект – социологијата на религијата како посебна научна дисциплина, каде што се поместени теми кои се однесуваат на нејзиното конституирање како посебна научна дисциплина, можностите на истата да ја проучува религијата, нејзиниот историски развој, предмет и задачи на изучување како посебна социолошка дисциплина, а посебно место заземаат и методолошките пристапи и практичната функција која ја остварува социологијата на религијата.

Третата глава се однесува на основните социолошки поими во истражувањето на религијата. Во овој дел практично се поместени индикаторите и факторите кои влијаат на религиозноста, со што низ една подетална анализа е прикажано како истите можат да се утврдат и измерат. Третата глава го опфаќа и начинот на типологијата на религијата и верниците. Овој дел, всушност, се однесува на онаа методолошка рамка во истражувањето на религијата.

Понатаму во следниот четврти дел од скриптата се дадени познатите социолози врз чии дела, учења и теории се темели социологијата на религијата, со што посебен акцент е ставен на класиците на социологијата на религијата и познатите теории тргнувајќи од натуралистичко - еволуционистичката па сè до современата теорија за компензаторската улога на религијата.

Во петтиот дел се поместени анализите на современите процеси на секуларизација и десекуларизација, како истите влијае врз различните општества и улогата на религијата во нив, како се одвиваа овие процеси, со посебен осврт на придобивките, но и последиците кои произлегоа од нив.

Во понатамошниот шести дел од скриптата се анализирани современите религиозни организации кои се доста актуелни во современите општества, посветувајќи внимание на нивното конституирање, развивање, придобивање на верници и активности кои тие ги реализираат. Секако, незаобиколен елемент кога станува збор за религиските организации е верскиот фундаментализам и тероризам, каде што подетално се објаснети и анализирани кога една вера преминува во фундаментализам, па дури и порадикално во тероризам и зошто. За крај во овој дел се анализираат новите верски движења.

Шестиот дел од скриптата го поттикнува разработувањето и анализирањето на седмиот дел кој се однесува на актуелниот и секогаш прикриен однос на религијата и политиката. Како овие феномени се меѓусебно поврзани и кои се придобивките и последиците од латентниот однос помеѓу истите. Овде е содржана анализата на прашањето за тоа во која насока и како религијата е во служба на политичарите и обратно.

За крај осмиот дел од скриптата е посветен на современиот процес на глобализација и неговото влијание врз религијата и современото општество, начинот на кои се поврзани и се менуваат во согласност со новите промени и потреби.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката на реципрочното влијание на религијата врз општеството, сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогне на студентите да ја разберат суштината на предметот како и преку обработка на различните методи и техники кои оваа анализа ги користи, и она што е посебно важно, преку илустративните примери, да можат практично да ја осознаат техниката на согледување, анализирање и истражување на религијата и општеството, нивните структури и нивната еволуција како резултат на општествените и техничко-технолошки опкружувања.

## З А К Л У Ч О К

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот учебното помагало „СОЦИОЛОГИЈА НА РЕЛИГИЈАТА“ (скрипта) од д-р Даниела Коцева претставува сеопфатна целина на содржините поврзани со анализа на религијата и општеството. Авторката направила успешна комбинација на теоријата и аспектот на проблематиката, кој допрва произлегува како предизвик пред современото општество, со цел да ја доближи предметната содржина до студентите и да им помогне да научат како да применуваат анализа на актуелни и мултидимензионални општествени феномени, како што е религијата.

Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на содржините, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа.

На останатите заинтересирани лица, во секојдневната работа, ракописот за скрипта „*Социологија на религијата*“ ќе им помогне за полесно разбирање и имплементација на новите принципи, методи и техники за работа.

Цениме дека трудот ќе даде голем придонес како за студентите, така и за пошироката стручна јавност. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му предложиме учебното помагало (скрипта) со наслов „Социологија на религијата” од д-р Даниела Коцева да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владо Петровски, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Мирасчиева, с.р.**